# З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

# ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

**(законот е објавен Службен Весник на СРМ, бр. 44 од 30 март 1989г.)**

Член 1

Во Законот за цивилните инвалиди од војната (Службен весник на СРМ, број 33/76, 25/79, 11/81 и 4/85) во член 9 став 1 зборовите: "во претходната година" се заменуваат со зборовите: "во претходното тримесечје".

Во став 3 зборовите: "секоја година" се бришат.

Член 2

Во член 9 став 3, член 14 став 2, член 20 став 2, член 24 став 2 и член 29 став 2 по зборовите: "комитет за" се додава зборот "труд".

Член 3

Во член 23 став 1 зборовите: "31 декември 1979 година" се заменуваат со зборовите: "31 декември 1989 година".

Член 4

Во член 31 став 1 по броевите: "25/79" сврзникот "и" се заменува со запирка, а по броевите: " 11/81" се додаваат зборовите: "4/85".

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ да утврди пречистен текст на Законот за цивилните инвалиди од војната.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.